| Неделна Тема | Јас сум чист, јас сум здрав |
| --- | --- |
| **Содржина на денот** | „Моите чисти рачиња“ |
| **Возраст** | 2-3 години |
| **Воспитувач** | Валентина Буш-Бошњакоска |
| | **Дневни активности** |
| **Здрави и безбедни навики** | Разговор и запознавање со поимот физичкото растојание.<br>За најдобро да ги запознаеме децата што претставува самиот поим најлесно е да им се објасни дека доколку сакаме да останеме здрави и сакаме да се дружиме со други деца треба да држиме растојание. |
| **Активности** | - Разговор за потребата од често миење на рацете (по секое допирање на предмети и играчки);<br>- Презентирање на средствата за одржување на чисти раце (детето треба да го препознае и именува);<br>- Демонстрирање и објаснување на начинот на правилно миење и користење на сретствата за таа намена;<br>- Избирање на кратка песна која ќе се пее додека се мијат рацете.<br>Имитативна игра: Чисти рачиња<br>На детето му се демонстрира и преку игра и разговор подобро да ја научи вештината за правилно миење на раце и средствата кои ни се потребни за истото (истите при нивно користење се именуваат). Потоа со помош на кукли и средства за одржување на хигиената на рацете, со детето се организира миење раце на кукла.<br>-Прошетка на отворен простор со вежби за одржување на физичко растојание при движењето. |